20222854291

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/07), а во врска со членовите 12 став (3), 13 и 23 став (5) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/19), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНА НА ЛИЧНАТА КАРТА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ ЛИЧНИ КАРТИ

Член 1

Во Правилникот за образецот на барањето за издавање на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденцијата за издадените лични карти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 196/21), во член 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Барањето за издавање на личната карта може да се поднесе лично од подносителот до подрачната единица на Министерството за внатрешни работи каде што лицето има живеалиште (Образец бр.1 и Образец бр.2) или со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Во случај кога барањето од ставот 1 на овој член се поднесува во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, образецот на барањето е во електронски формат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 2

Во член 6 во ставот 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „или со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“

Во ставот 3 зборовите„При поднесување на барање“ се заменуваат со зборовите „Во постапката“.

Член 3

Во член 7 ставот 1 се менува и гласи:

„Во постапката за издавање на лична карта лицето доаѓа на закажаниот термин во просториите на Министерството за внатрешни работи за земаање на неговите биометриски податоци-фотографија и отпечатоци од два прста, заради утврдување на неговиот идентитет.“

Во ставот 4 зборовите „При поднесување на барањето“ се заменуваат со зборовите „Во постапката“.

Во ставот 5 зборовите „При поднесување на барањето“ се заменуваат со зборовите „Во постапката“.

Член 4

Во член 8 во ставот 1 зборовите „При поднесување барање“ се заменуваат со зборовите „Во постапката“.

Во ставот 7 по зборот „венчаните“ запирката и зборовите „уверение за државјанство“ се бришат.

По ставот 7 се додава нов став 8, кој гласи:

„Другите исправи од ставот 7 на овој член, Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр. 13.1-129459/1
27 декември 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.